РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр.24-716/11
од 25.07.2024 година
Кривогаштани

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), член 22 став (1) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и донесената Годишна програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 год., бр.08-954/3 од 13.10.2023 година, донесена од страна на Советот на општина Кривогаштани, **Градоначалникот на Општина Кривогаштани,** објавува:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање на јавен увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Е (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштани**

1. Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Е (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштани, се однесува на дел од КП бр.493/1 КО Обршани Општина Кривогаштани.

Проектниот опфат се наоѓа на 2,2 км североисточно од село Обршани, општина Кривогаштани, на 1000м до 1500м од река Блато.

Проектниот опфат го дефинираат следните граници:

- запад: западната граница на опфатот отсекува мал триаголник од КП 493/21, КО Обршани, општина Кривогаштани, кој останува надвор од опфат;
- југозапад: југозападната граница на опфатот се движи по југозападната граница на КП 493/1 и од истата страна граничи со пристапниот полски пат, на КП 493/21 КО Обршани, општина Кривогаштани;
- југоисток: југоисточната граница на опфатот се движи по југоисточната граница на КП 493/1 и од истата страна граничи со пристапниот полски пат, на КП 2185 КО Обршани, општина Кривогаштани;
- север: северната граница се движи по средишниот дел од КП 493/1;

Вака дефинираниот опфат, го зафаќа северниот дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштани и површината на иститот изнесува 9,99 ha.

2. Јавниот увид се организира со објавување на веб страната на општината www krivogastani.gov.mk, во траење од 15 дена почнувајки од **26.07.2024 година до 09.08.2024 година**, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

**Општина Кривогаштани**
**Градоначалник,**
**Николче Мискоски**